**Прашања:** **1.** Кои внатрешни процедури за постапување со Барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер ги имате воспоставено за навремено одговорање на пристигнатите Барања во законски утврдениот рок? **2.** Имате ли статистички податоци за тоа колкав е просекот во денови што Ви се неопходни како институција за да одговорите на Барањата ? Дали имате податоци за бројот на случаи кога сте го надминале законски дозволениот рок за одговор? **3.** Колкав е бројот на службени лица за посредување со информации од јавен карактер? **4.** Колку често Министерството за одбрана ги испраќа своите вработени лица на обуки и други форми на надоградување на знаењата од областа на примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и на следење на позитивните искуства од други земји? **5.** АСПИ подготви задолжително упатство за органите на јавните власти за подобрување на транспарентноста во нивната работа. Овој документ содржи список на информации што граѓаните најчесто ги бараат, поделени во 37 области. Документот ги обврзува органите на јавните власти во рок од 6 месеци да ги објават сите информации што ги поседуваат, систематизирани по области, како и да ги објават сите одговори што ги доставуваат на барањата за слободен пристап до информации. Дали Министерството за одбрана ги има исполнето овие барања од упатството на Агенцијата? **6.** Во објавениот Индекс на отвореност за 2023 година на Фондацијата Метаморфозис се препорачува да се намали максималниот рок за одговор на барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 20 на 15 дена, со оглед дека тоа е разумен период на чекање според меѓународните стандарди и воспоставената регионална практика. Каков е ставот на Министерството за одбрана по однос на оваа препорака?

**Одговор:**

1. По добивање на барање за слободен пристап до информација од јавен карактер службените лица за посредување со информации од јавен карактер истото го архивираат и во ист ден го доставуваат до соодветните Организациони единици кои сметаат дека ја поседуваат бараната информација, со одреден рок за достава на одговор од нивната страна. По добивање на одговор од Организационите единици службените лица за посредување со информации од јавен карактер подготвуваат Решение кое го доставуваат до овластениот потписник, за одобрување. По одобрување, истото го доставуваат до барателот на информацијата.
2. Во принцип Министерството за одбрана одговорите за Барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер до барателот на информацијата ги доставува во законскиот предвиден рок односно за соодветни барања дури и во пократок рок за 10 до 15 дена.
3. Со Решение на Министерката за одбрана, определени се две лица за посредување со информации од јавен карактер и тоа Зејнур Мустафа Алил и Јасминка Накева.
4. Врз основа на упатена покана за обука и други форми на надоградување од областа

на примена на Законот за пристап до информации од јавен карактер, службените лица, заради континуитет и нови знаења најмалку 2 – 3 пати годишно се упатуваат на обуки и семинари организирани од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

5. Министерството за одбрана ги има исполнето сите барања односно упатства од страна на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, навремено одговара на пристигнатите барања. Дадените одговори во предвидениот рок транспарентно ги објавува на веб страната на министерството.
6. Министерството за одбрана по однос на оваа препорака се согласува.